РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 73-та седница одржана на 18.08.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2254/1 од 18.06.2020 година, со наводи за незадоволство од спроведена постапка за јавна набавка, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што за случајот постапиле надлежни органи кои донеле акти во рамките на нивните надлежности.

Предметот со број 12-2254/1 од 18.06.2020 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 18.06.2020 година, поднесена е пријава со наводи за незадоволство од спроведена постапка за јавна набавка и оформен е предмет број 12-2254/1 од 18.06.2020 година.

Во пријавата се изразува сомневање дека во постапката за јавна набавка на ------------------------------------------------, објавена со оглас бр.--------------- од 15.01.2020 година, договорниот орган неосновано ја отфрлил неговата понуда. Истиот поднел навремена жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки, но не добил решение за одлука по повод поднесената жалба. Договорниот орган во меѓувреме склучил договор за јавна набавка со неповолен понудувач. Подносителот од ДКСК бара да преземе дејствија со кои ќе бидат санкционирано незаконското постапување на договорниот орган.

По разгледувањето на предметните наводи и доставената документација во прилог на пријавата, како и при увидот во јавно достапните податоци на веб страната на ДКЖЈН, ДКСК констатира дека во случајот подносителот на 16.04.2020 поднел жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки која, на 27-та седница одржана на 29.04.2020 година, донела Решение со кое жалбата на жалителот се одбива поради неоснованост. Во образложението на решението, ДКЖЈН утврдила дека договорниот орган правилно постапил и евалуацијата на понудите ја извршил согласно член 109 од Законот за јавните набавки и предвидените услови. Дополнително, се наведува дека за

предметната постапка има постапувано и Бирото за јавни набавки кое извршило управна контрола при што не утврдило забелешки во однос на евалуацијата на понудите. Воедно, согласно упатството за правно средство во решението, жалителот имал право да поднесе тужба до Управниот суд.

Врз основа на погоре констатираното, ДКСК утврди дека за предметниот случајот постапиле други надлежни органи - Државната комисија за жалби по јавни набавки и Бирото за јавни набавки, кои воделе постапка и донеле соодветни акти во рамки на своите надлежности, поради што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: Г.Т., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut